ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ВИК-716-101.01

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-5864/13
Дата, Data 18-09-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (*Службен Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014,48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18, и службен весник на РСМ БР.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24*), Предлогот за вработување на кандидати бр.10-1840/9 од 14.09.2026 год. по Јавен оглас 539/2026, в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесува

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup

| Примено: | | 21-09-20.. | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. Org | Број: Numer | Прилог: Shtojce | Вредност: Vlera |
| | | | |

# ОДЛУКА
## за избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр. 539/2026

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.539/2026 во ЈП Водовод и канализација Скопје:
   - За работно место **Референт – ликвидатор** во Одделение благајна во Сектор за Наплата , КДР0102Г03010, ниво Г03, 1 (еден) извршител, се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код 390Е72А и се избира кандидатот **Маја Тордороска**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.
3. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

В.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје врз основа на Годишниот план за вработување за 2026 година бр.0302-6406/1 од 29.08.2025 година и позитивното мислење на Годишниот план за вработување за 2026 година со арх бр. 29.12.2025 година, Измената и дополнување на Годишниот план за вработување 2026 година бр.0302-441/1 од 27.01.2026 година и позитивното мислење за истиот од страна на МЈА бр.09-664/4 од 17.02.2026 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување на јавен оглас за вработување на 1 административен службеник.

Врз основа на барањето, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 05.08.2026 година објави јавен оглас бр. 539/2026 година.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1840/3 од 12.08.2026 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана хартија.
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО за Скопје

ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ВИК-716-101.01

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници изврши административна селекција и состави записник арх.бр. 10-1840/4 од 20.08.2026 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници спроведе испит за административен службеник и состави записник бр. 10-1840/6 од 09.09.2026 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Записник бр.10-1840/8 од 11.09.2026 година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за избор на кандидат за работни места од оглас бр.539/2026 година со бр.10-1840/9 од 14.09.2026 година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесе одлука за избор како во диспозитивот.

***ПРАВНА ПОУКА***: *Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.*

ЈП водовод и канализација Скопје
в.д. Директор,
М-р Иван Митровски

**Доставено до:**
- **Архива**
- **Именуваниот**
- **Сектор Човечки ресурси**
- **Агенција за администрација**

Изготвил: Драган Панчевски
Контрилирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана хартија.
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО
за Скопје